Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

На 04.09.2014 година Националниот превентивен механизам спроведе ненајавена посета на полициската станица за граничен надзор Франгово. НПМ спроведе ненајавена посета на полициската станица за граничен надзор со цел утврдување на состојбите и условите во местата каде лицата се лишуваат од слобода и постапувањето со истите. При посетата на полициската станица за граничен надзор Франгово се оствари разговор со администраторот и дежурниот полициски службеник на ПС, а потоа беше извршен увид во просториите на полициската станица, како и увид во евиденцијата за лицата лишени од слобода.

ПС за граничен надзор не е назначена согласно Решението за полициска станица каде се задржуваат лица лишени од слобода. Со оглед на овластувањата кои ги има истата станица врши надзор и обезбедување на граничната линија. Полициската станица за граничен надзор е сместена во две бараки, при што во едната барака се наоѓа дежурната канцеларија, администрацијата и канцелариите на командирот и помошник командирот,а во другата барака има простории за престојување на полициски службеници додека се на работна задача. НПМ тимот при обиколката на неколку простории во двата објекта на полициската станица не наиде на сомнителни предмети, односно средства со кои може да се врши заплашување.

НПМ беше запознаен дека лицата секогаш се информираат за своите права при самото лишување во полициската станица. Согласно информациите добиени од полициските службеници, во случај на лишување од слобода, лицето секогаш се запознава со причините за лишување и се поучува за своите права, како и му се укажува на правото на бранител. Комуникацијата со лицата лишени од слобода кои што се странски државјани се врши на англиски или албански јазик.

Генерално ПС за граничен надзор “Франгово“ води уредна документација за лица лишени од слобода, при што во секое досие беа содржани соодветните документи. Во најголемиот број на проверени досиеја има логичен тек на настаните со кој точно ќе се определи времето на приведување, поучување на правата за време на лишување од слобода. Националниот превентивен механизам изготви посебен извештај за реализираната посета во кој се констатирани позитивните и негативните состојби и дадени се соодветни препораки за Министерството за внатрешни работи и за командирот на Полициската станица за граничен надзор Франгово.